**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љопче Димитковска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Васил Сурчев бр.5**
**тел. 034 344-553**

**Образец бр.66**

**И.бр.282/2019**

Извршителот **Љопче Димитковска** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ДТ Холма Дооел од Струмица,преку полн.адвокат Христијан Плавчов од Скопје** од Струмица со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Маршал Тито бр.109, засновано на извршната исправа ОДУ Бр.1044/18 од 27.11.2018 на Нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, против должникот **ДПТУТ на големо и мало Евромак Дооел од с.Градашорци и Зоран Цеков од Струмица** од о.Василево со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на с.Градашорци бр.38, за спроведување на извршување во вредност 2.059.100,00 денари, на ден 05.10.2021 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Стан на

-Парцела бр.2080 дел 2,на ул.Младинска, број на објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот ел.систем лоѓии,балкони и тераси,влез 2.кат 03,број 7, со внатрешна површина од 11 м.кв. со право преземено при конверзија на податоци од стариот ел.систем 831,

-Парцела бр.2080 дел 2,на ул.Младинска, број на објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот ел.систем стамбена зграда-стан,влез 2,кат 03,број 7, со внатрешна површина од 78 м.кв. со право преземено при конверзија на податоци од стариот ел.систем 831,

запишани во имотен лист бр.16315 во КО Струмица при Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Струмица сопственост на должникот Зоран Цеков од Струмица.

Продажбата ќе се одржи на ден 29.10.2021 година во 10,00 часот во просториите на Извршител Љопче Димитковска Струмица ул.Васил Сурчев бр.5.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.282/2019 од 24.09.2021,изнесува 3.121.000,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.Данокот на промет паѓа на товат на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености во корист на доверителот.Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста најдоцна до 28.10.2021 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001516260924 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5027007114099.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Љупче Димитковска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИЗВРШИТЕЛ
ЉУПЧЕ ДИМИТКОВСКА
СТРУМИЦА

Д.-на:Доверител,Должник,

Надлежен орган на управата за јавни приходи

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.